БИАТЕН Бр. 3

# 45.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ – ПРИЛЕП







04 - 10 ЈУНИ 2010

# ТЕАТАРОТ Е ИГРА

*Шест дена театарските крилја се раширени. Обземени сме. Маѓепсани.*

*Шест дена сме на сцената, како да сме со актерите. Таму каде се создава светот на благородната страст, светот на откритијата и на возвишените чувства. На сцената каде се создава неговото величество Театарот, кој со живи примери ни ги толкува вечните закони на човековото срце и неговите чувства.*

*Театарот е игра. Така ние шест дена си играме, заедно со актерите, режисерите. Се возбудуваме позитивно, негативно, во зависност од понудените емоции, естетика и поетика.*

*Се редеа една по друга претставите кои во полно светло на 45 МТФ ни го изнесуваа творештвото на македонските театри. Со еден збор го отсликуваа современиот македонски театар.*

*Да живее ТЕАТАРОТ!  Да живее ФЕСТИВАЛОТ! Уживајте!*



Награда за животно дело, **Мите Грозданов**



# УЛОГАТА ДА ТИ ДОЈДЕ ОДЕДНАШ, ОД СРЦЕ

На сцена имам поминато 40 години и 6 месеци (тоа што бев војска не се брои). Најкарактеристично е што имам една несудена награда "Војдан Чернодрински". ("Партитура за еден Митрон"- играв надвор од конкуренција). Инаку имам две награди од Фестивалот.

Кога ќе ме праша некој: Која улога ти е најмила ? Тоа е исто кога ќе ги прашате таткото или мајката кое од петте деца ти е најмило или кој од петте прсти на раката повеќе боли?

Аматер сум континуирано од 1958, а професионален актер од 1967 година.
Секогаш се потврдува тоа дека нема мали и големи улоги. Има само мали и големи актери..Секогаш не сум играл главни улоги. Сум играл и споредни и сум играл улога кога молчам цело време на сцена. Улогата излегла најголема, зашто сум ја надживеал.

Ако акатерот е вистински талент, ако работи со добри режисери и ако чита многу книги и ако знае , како што вели Бранко Ставрев, сам да си ја изрежира улогата, тогаш нема мала и голема улога. На некој начин тоа е формулата за големи достигнувања. Иако, секој индивидуално се дава себе си. Ако ти дојде одеднаш, од срце, тогаш значи дека ја живееш улогата.

Играв пет историски личности. И личев на нив: Никола Карев, Коча Поповиќ, Бертолд Брехт, Чехов, Хитлер.

За мене учењето на текстот е техничка работа . Кога ќе почнеш да ги анализираш односите, задачите, да истражуваш за улогата, кога ќе почнеш да бараш одговори на прашањата: Каj сум, со кого сум, што сакам да направам?.. Е, тогаш почнува занаетот.

Сега, од врменска дистанца, ниту една улога не би ја одиграл поинаку. Во тоа време сум сметал дека така треба да ја одиграм, со сите жестокости . Во тоа време сум извлекол се за улогата да ја одиграм најдобро.

Во младоста сум пропуштил да го играм Ричард Трети. Сега е доцна. Но ,сега сакам да играм во монодрама на син ми.
Би ги играл, ако дочекам: Крал Лир, Ајнштајн и Чорбаџи Теодос.

Мојата порака до младите колеги чија енергија ги пеплавувува македонските сцени е: На мои години да ја имаат мојата снага, да љубат како мене и да не бидат брзи. И најважно, да не бегат од "старците".

# Гледавме . . .



Драмски театар - Скопје
**“ЖЕНАТА КАКО ВОЕНО ПОЛЕ”** од Матеј Визниек
Режија: Владлен Александров
Превод: Дејан Пројковски
Сценографија: Иван Карев
Костимографија и видео дизајн: Весела Статкова
Констултант за психотерапија: Искра Кочева
Играат: Ирена Ристиќ и Билјана Драгиќевиќ- Пројковска

# Претставата . . .

Пиесата на Матеј Висниек е исклучителен текст во кој се потенцира жестокоста на војната, национализмот, искривените сфаќања за хуманоста, правејќи жестока дистинкција за се она што се случуваше на Балканот во 20. век. Тоа е претстава за распаѓањето, но и за градењето. Претстава во која преку раѓањето на детето се кажува дека треба да се дојде до аристотелов катарзис, дека мракот треба да се победи, бидејќи тоа е светлината и живот. Приказната на двете жени е раскажана многу суптилно, многу емоцинално, со внесени мутлимедијални ефекти. “Жената како воено поле” е претстава која буди размисла, што правиме, каде одиме.

**Владлен Александров,** режисер:

- Изведбата на “Жената како воено поле” на Фестивалот беше една од најдобрите досега. Многу се играше: во Скопје, во Бугарија, Сараево. Многу добра претстава е. Со универзални човекови пораки. Актерките одлично играа. Многу сум задоволен што претставата беше поканета да учествува на Фестивалот, да ја види публиката, да ја видат познавачите на театарот.

**Билјана Драгичевиќ - Пројковска,** актер:

- Секогаш по било која изведба на оваа претстава се чувствувам ослободена од стресот што го имам пред почетокот, но и среќна сум оти публиката покажува емоции. Ако има емоции сме направиле нешто добро. Зборува за војната во Босна. Силувањето е машко оружје против другите држави и земји. Требаше многу да истражуваме, да гледаме снимки, да разговараме со жени кои имаат деца од војната, кои се нова генерација. Тие жени се непризнаени од околината. Тоа се жени кои раскажуваат што гледаат во очите на нивните деца., кога ќе ги погледнат. Гледавме да ја доловиме таа состојба. Темата е вечна, сакаме да кажеме : не треба да се заборави. Задоволни сме од публиката која многу молчаливо ги прими универзалните пораки

# Публиката . . .

- Добра претстава. Многу емоционална со универзални пораки до човекот, дека не треба да се водат војни било каде и со било кого.
- Одлична претстава, добро одиграни улоги. Иако играа само две актерки многу добро направено. Се гледа различната режија. Колку што разбрав режисерот е од Бугарија.
- Многу добро играа Драгичевиќ и Ристиќ. Текстот го изнесоа одлично, со многу емоции.
- Претставата во целина не ми се допадна. Единствено глумата на Ирена Ристиќ беше одлична. Таа беше феноменална.

# Г л е д а в м е . . .



НУЦК "Ј.Х.К. Џинот"-Театар Велес
**“БАХАНАЛИИ”** од Горан Стефановски
Режија: Наташа Поплавска
Кореографија: Олга Панго
Музика: Џингиз Ибрахим
Костими: Александар Ношпал
Фотографија: Доријан Миловановиќ
Играат: Васил Зафирчев, Маја Љутков, Роберт Ристов, Кица Ивковска, Кети Борисовска, Самоил Стојановски, Зорица Панчиќ, Слободанка Чичевска, Весна Димитровска, Едмонд Сотир и Славица Манаскова.

# П р е т с т а в а т а . . .

Бахатноста, разузданоста, развратот, оргиите, како главни компоненти и двигатели во потрагата по сопствениот идентитет, како да се основните постулати врз кои се потпираат Горановите “Бахналии”. Режисерското мајсторство, целата суштина на човековото постоеење со загубени вредности и морал, преку повеќедневните диви и развратни свечености и пијанки, да му се оддаде чест на Бах, богот на виното, целата театарска постановка како да ја издигнува на едно посовршено ниво. Динамичната актерска игра, во која доста успешно се вкмпонирни музиката и костимите, создава сценски ефект достоен за почит и восхит во поимањето на театарот како начин на изразување.

**Горан Стефановски,** автор:
По првата изведба во Велес, "Баханалиите" вчерва ги гледав по втор пат. Задоволен сум од она што го видов на прилепската сцената. Особено ми се допадна тоа што, претставата го задржа тонусот, како и при првата изведба. Целиот ансамбл, навистина завршил добра работа; мислам дека целта е постигната. Она што јас своевремено го кажав со текст, сега, тоа е успешно преточено во квалитетно драмско, театарско дело.

**Васил Зафирчев,** актер:
Задоволен сум и од самиот себе, а и од играта на колегите. Учеството на Фестивалот за мене е само еден предизвик, преку кој, на вљубениците во театарската уметност се обидуваме да им понудиме квалитетна игра, да им прикажеме театар во вистинската смисла на зборот.

**Роберт Ристов,** актер:
Иако мислам дека секогаш може подобро, сепак, вечерашната наша изведба би ја ставил во успешните. Мојата улога, Агава- мајката на Пентеј, иако е еден комплексен лик, не ми зададе многу напор при толкувањето. Претставата беше солидна што се покажа преку реакцијата на публиката, која, пак, точно знае што сака и што е добро.

# П у б л и к а т а . . .

**Васе Спиркоска:** Уживав во колоритот на боите и во необичните креации на костимите.А што се однесува до текстот и до она на што тој алудираше, мислам дека пораката беше разбрана, можеби со мали потешкотии, но…сепак, разбирлива..
**Мартин Јованоски:** Мора да признаам дека тешко ја разбирав претставата. Можеби зашто не ми е познат текстот од порано.
**Силвана Мојсоска:** Енергична и динамична претстава. Кога би имала можност би ја гледала и по втор пат.

# Гледавме . . .

Турски театар - Скопје
**“ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА”** од А. Стриндберг
Режија: Александар Попоски
Играат: Сузан Акбелге, Осман Али, Несрин Таир




# Претставата . . .

Нееднаквоста на сталежите и нивната меѓусебна вечна борба, на оние што се долу-да се искачат горе, а на оние што се горе- да внимаваат да не паднат, и особено кога тука ќе се појави и љубовта, како највозвишено човечко чувство, тогаш, се продуцираат постапки еднакви на катастрофа. Во претставата режисерот ја разработува психологијата на ликовите, посебно на Јулија. Дава верзии на можната внатрешна психолошка борба: сите чувства, страхувања, надежи, комплексии, болка . . . се е на дланка пред гледачот. Впечатлива е изнијансираноста на ликот на Јулија.

**Сузан Акбелге,** актер:

Првпат се случува да допре нешто од мојата личност во улога како што е Јулија. Многу ми е драго да играм во име на сите жени што постојат на планетава, при сета болка што ија има жената како жена. Го вадам од мене сиот бес што го носи жената и сето тоа што го доживува како жена. Огромни се честа и привилегијата да го играм тоа на сцена. Прв пат ми се случива по 15 години актерство да доживеам нешто вакво.

**Несрин Таир,** актер:

Претставата е одиграна 20-ина пати. Вечерва ја одигравме со истиот жар, со истата енергија како и премиерата , со истиот сензиибилитет како што е направена. Да, товарот во претставата целосно е на актерите, со толку здрава конструкција е направена така што исто се играше како првиот пат.

**Осман Али,** актер:

Кога се е на товар на актерот од една страна е многу добро, публиката да го доживее тоа што ние го доживуваме во моментот. Шансата што ми е дадена да работам со режисерот Александар Поповски многу ми значи. Благодарен сум што ми е дадена приликата.

# Публиката . . .

**Симона Ѓорѓиоска:** Иако целата претстава ја играат само тројца актери, иако, освен трите дрвени гајби и нишалката нема никакви други реквизити на сцената, сепак, мислам дека ова беше една извонредно добра претстава.Темата е толку блиска и препознатлива, а и јасно разработена..

**Марјан Димовски:** Ми се допадна претставата. Пред да влезам да ја гледам, по малку се плашев од јазичната бариера, но, се испостави дека кога се работи за добра претстава и симултаниот превод си брка сосема солидна работа..

# Гледавме . . .



НУЦК "Ацо Шопов" - Театар Штип
**"БАЛКАНОТ НЕ Е МРТОВ"** од Дејан Дуковски
Режија: Стојан Стојановски
Костимографија: Елена Дончева
Ликовно обликување: Боро Матевски
Рекламно обликување: Ристе Цонов
Играат: Кристина Атанасова - Арсова, Миле Вратеовски, Јордан Витанов, Влатко Тулиев, Ефтим Трајчев, Суад Беговски, Јорданка Тодорова, Елиза Арева, Пеце Ристевски, Валентина Ѓеоргиевска, Суад Беговски, Лазар Атанасов, Ријуш Беговска, Стојан Арев, Миланчо Ѓоергиев - Роне, Стојан Арев, Елица Арева, Стојан Арев, Виктор Арев, Милорад Анѓелов, Виктор Арев, Милорад Анѓелов, Виктор Арев.

# Претставата . . .

"Балканот не е мртов" е текст од Дејан Дуковски, кој е интересен, говори за одредени теми, проблеми кои се случуваат на овие балкански простори. Сакајќи да потсети на тоа, множеби да укаже на одредени нешта, режисерот Стојановски ја реализирал претставата во Штипскиот театар, внесувајќи во неа доста визуелни ефекти, проследени со музика. Претстава која побудува интерес да се гледа.

● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ● ●

**Стојан Стојановски,** режисер:

- Балканот не е мртов,, го поставив затоа што е препознатлив мотивот на промените што се случуваа во 20. век. Мислам дека и сега сме во промени. Тука ја гледав врската. Се уште се забавуваме, промените ни се интересни. На Фестивалот сум долги години. Тука имаме суштински театар, се случува здрав театар, имаме добри театарски претстави.

**Миле Вратеовски,** актер:

- Иако имавме технички проблеми убаво поминавме. Добро изигравме. Публиката одлично ја прими претставата. Прилепската публика знае да цени што е квалитет. Задоволен сум од соработката со режисерот Стојан кој е добар со актерот, знае многу да извлече од него, да ги истакне нештата што можеби се скриени во неговите длабочини.

**Кристина Атанасова - Арсова,** актер:

- Многу сум задоволна од себе, екипата, публиката. Игравме многу концентрирано и одлично поминавме. Интересно е да се игра во оваа претстава, која е многу поразлична од класичната, која води кон тоа да се создаде нешто ново. На Фестивалот сум уште како студент, доаѓам секоја година. Ова е Фестивал на Македонија.

# Гледавме . . .



Тетовски театар - Тетово
**"КУЌА НА ГРАНИЦА"** од С. Мрожек
Режија: Арбен Тхачи и Петрит Незири
Адаптација на текст: Јетон Незирај
Сценографија и костимографија: Ералд Бакали
Музика: Фатос Лумани
Играат: Арсим Фазлиа, Музафер Етеми, Дритеро Аме, Алтрим Мамути, Мирадије Османи, Наиме Ази, Блерим Исмани, Али Ќерими и Елмир Сејфулаи

# Претставата . . .

Може ли да се подели дом, да се биде свој на своето, а потоа туѓинец. Без симултан и титлуван превод, малкубројната публика требаше да ја разбере претставата "Куќа на граница" на тетовскиот театар. Во отсуство на текст, тука беше актерската игра на осумте глумци кои ги пренесоа ликовите. Едноставната сценографија беше во функција. Се на сé, актерскиот тим покажа огромна волја, желба и енергија.

**Петерит Незири,** режисер:

- Тргнавме од една димензија која е повеќе втемелена во куќа, дом. Секоја куќа не е секогаш дом. Куќата е земена како симболика, дом кој дели луѓе како симболика на денешните граници кои се ментални, духовни граници. Самата тема е повеќе слојна. Специјално беше преведен текстот на македонски јазик за Фестивалот "Војдан Чернодрински" и ние дојдовме подготвени за симултан превод. Но кога дојдовме тука, разбравме дека нема слушалки. Жалиме за тоа.

**Наиме Ази,** актер:

- Го играм ликот на бабата која трагично ќе заврши бидејќи не знае што е граница. Таа оди на другата страна да земе локум за да ги почести дипломатите, но не знае дека на другата страна од границата треба пасош. Ја сум актерка на Тетовскиот театар, го сакам театарот зошто завршив глума во Тетово. Добро е да се работи со Арбен Тхачи кој, иако е млад режисер, има многу добро искуство.

**Али Ќерими,** актер:

- Го играм граничарот кој вообичаено пред публиката е негативен лик. Вториот лик кој го играм е цариник кој исто така е негативен лик. Публиката сака да знае што е темата, да ја разбере претставата и преку текстот и да ја види играта на сцена. Немањето превод е голема пречка и публиката сигурно не ја разбра сосема темата.

# Публиката . . .

- Без разлика што поголемиот дел од публиката немаше трпеливост да ја догледа до крај, претставата е еден обид да се прочита овој текст од Мрожек на еден едноставен и интересен начин. Од режијата не сум многу воодушевен, но актерската игра беше сосема коректна и во ред - рече **Јордан Витанов.**

- Претставата "Куќата на граница" е прекрасна но за тие кои можат да го разберат текстот бидејќи е многу актуелен за балканските простори. Уште се зборува за промени на граници на Балканот. На ова семејството поради промена на границата куќата им се подели на две страни. А треба да се патува со пасош. Ова е претстава за проблемите на обичните луѓе заради некои поголеми личности и институции кои одлучуваат за нивниот живот. Беше прекрасно, вечерва беше мал проблем што немаше превод - **Хамит Хајрулаи**, новинар од Тетово.

# П р и д р у ж н а   п р о г р а м а . . .

**"ПЛЕЈ БЕКЕТ"** - ДИПЛОМСКА ПРЕТСТАВА НА СТУДЕНТИТЕ ПО АКТЕРСКА ИГРА ПРИ ЕСРА - СКОПЈЕ
КЛАСАТА ЈА ВОДИ ПРОФ. ЃОРЃИ ЈОЛЕВСКИ



Десеттината студенти по актерска игра својата круна во универзитетската надградба ја заокружија играјќи на Бекет. Користејќи парчиња од делата на Самуел Бекет, како текстуална подлошка, ги презентираа основните сегменти на театарскиот израз демонстрирајќи вештина од говор, игра на тело, реплики . . . Успеаја и да ја анимираат публиката.

**Ѓорѓи Јолевски,** проф.:

- ЕСРА е универзитет за аудиовизуелни уметности кој е создаден пред три години. Ова е всушност првата класа по актерска игра. Во ЕСРА има пет факултети со десеттина катедри, факултет за актерска игра, катедра за филмска, театарска режија, монтажа, камера, драматургија, анимација, саунд инженеринг итн. Сега има катедра и за современ танц, едноставно е универзитет кој има можност да едуцира кадри кои во овој миг се исклучително потребни во Македонија.

**Никола Ацески,** актер:

- Ова е мој прв настап во Прилеп и беше многу добро. Публиката е одлична. Се определив за ЕСРА заради можноста да се патува во странство, да се студира во Париз и Њујорк.

**Весна Гавриловска,** актер:

- Одличен беше контактот со публиката. Успеавме и да ја насмееме публиката и доволно енергија ми пренесуваше цело време, за и ние да и возратиме на публиката со целата енергија. Во ЕСРА научив како да работиме со големите автори, како Бекет, Шекспир, Молиер.

**“БУДЕЊЕ НА АНГЕЛИТЕ”**
Режија: С. Чичевска
Изведба: Културен центар "Скрб и утеха"

Исконската борба на македонскиот народ за да го зачува сопствениот идентитет, верата, јазикот, писмото, па и името, како предмети за одбрана пред налетите на околните "стрвнци", трае до денешни дни. Додека сите таканаречени "големи сестри", кои родната ни земја ја сардисале од сите четири страни, се обидуваат да ни докажат колку "не сакаат" и се грижат за нас, и домашните чувари на редот и поредокот, во занесот на службата заборавaат кои се и со кого се. Но, љубовта и посветеноста кон татковината, сепак, на крајот преовладува кај на оние кои се подготвени и да умрат за неа.



Трибина: **СТО ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ЧЕХОВ**
Модератор: **Блаже Миневски**



. . . Толстој, кој не признавал никаков друг писател освен себе, во една прилика сепак ќе признае дека кога чита некои раскази на Чехов чувствува нешто како професионална љубомора. Гроф Лав Николаевич ниту за еден друг писател, освен за Чехов, никогаш не кажал нешто такво. Се разбира дека Чехов знаел за оваа сосема несвојствена наклонетост на Толстој, па во една прилика искрено ќе му признае на Бунин, еден од неговите најблиски пријатели, за тоа дека "кога во литературата е Толстој, лесно и пријатно е да се биде писател може и ништо да не се пишува, му вели Чехов, Толстој покрива сé!" Сепак, знаеш ли што ме восхитува најмногу кај Толстој, му рекол Чехов на Бунин. - Неговиот презир кон нас како писатели. Тој нé гледа како деца; нашите раскази, повести и романи за него се само обична детска игра". Самиот Толстој, пак, во една прилика, во едно интервју, се разбира по смртта на Чехов, меѓу другото признал дека "Чехов е единствен по својата уметност писател. По својата техника тој е многу над мене". Чехов пак го обожавал Толстој. За него тој бил прв човек на руската култура. Сепак, според Бунин, Антон не бил скромен човек, ја знаел добро својата цена, само што тоа никогаш го покажувал јавно. Жестоко ја сакал литературата, сакал да зборува за писатели што ги почитува, восхитувајќи им се од Мопасан, Флобер и Толстој. Но бил сосема рамнодушен кон Достоевски. Не сакал филозофија и религија. И, се разбира, од сé срце се радувал на секој нов талент...



**Каролина Мицевска,** новинар:

ПРИЛЕПСКИОТ ТЕАТАР ДВА ПАТИ ГО ИГРАЛ ЧЕХОВ

Првата "средба" на Ансамблот со Чехов била во 1956 година кога режисерот Мирко Стефановски ја поставил "Вујко Вања" во превод на Миле Поповски. Вторпат Чехов го поставил Бранко Ставрев, кој во 2001 година, ја режира "Крчма крај патот".

**Мите Грозданов,** актер:

СО ЗАДОВОЛСТВО ГО ИГРАВ ЧЕХОВ

- Во 1967 пред да дипломирам, правев и дипломска од светската драма и театар. Станислав Бајиќ ми даде тема: "Лекарите во делата на Чехов". Чехов има во драмите пет лекари. И од сите лекари во неговите драми, всушност е еден ист - Чехов. Во 1980 година го играв Чехов, Саша Маркос ме натовари со 2.000 страници материјали за Чехов. Мило ми е што го играв токму Чехов.

45 години МТФ “Војдан Чернодрински”, **Јоана Попоска,** актер

# ПРВАТА НАГРАДА ЈА ДОБИВ НА ФЕСТИВАЛОТ

“Многу ми значат 45-те години на Фестивалот. Исто толку колку што ми значат моите 50 години на сцената.

Првата награда ја добив тука, во 1966 година. Тогаш бев мажена и бремена. Ја играв Офелија. Ја добив наградата за млад актер, иако бев на сцената неколку години. Радосна сум што ни се софпаѓаат јубилеите. Порано Фестивалот беше единствен, немаше друг. Не излегувавме на други Фестивали. Ние колегите се дружевме. Беше наш фестивал. Го чувствувавме како свој. Награда да добиеш на “Војдан Чернодрински” беше голема чест. Сега нема толку дружба меѓу актерите. Немаат можност да се запознаат меѓусебе. Времето го направи своето. Треба секој актер да дојде на Фестивалот, да се дружи, да размени мислења, а не само да дојде, да игра и да замине - вели Јоана Попоска, по повод 45 години МТФ “Војдан Чернодрински”



**Ангелина Тренчева,** млад актер

# ЕМОЦИИТЕ СЕ ЗА НА СЦЕНА, А НЕ МЕЃУ АКТЕРИТЕ



Младата актерка Ангелина Тренчева од струмичкиот театар пред прилепската публика го одигра ликот на Лаура, во претставата “Стриндберг досие”. Истражувајќи за живот и делото на Стиндберг, признава дека дознала нови моменти за научникот, филозот и сликарот, кој бил и “лош“ маж. Таа е дел од тимот на млади актери во струмичкиот театар кои го носат репертоарот. Открива дека проблем ѝ претставува нерешениот работен статус.

- Во последните 3 до 5 сезони, ние сме тие кои го носиме репертоарот. Како млади добиваме шанса. Се надеваме дека ќе се реши проблемот со ребалансот и младите ќе добијат статус на вработени. Ќе бидат мотивирани целосно да се посветат на театарот - вели Тренчева.

Негува трпение, дава сѐ од себе за да се вгради во секоја ролја иако театарот и државата не возвраќаат соодветно.

- Театарот е стил на живот, или го правиш или не. Ако си се посветил на тоа, ако си го учел, не можеш без тоа. Материјалната страна не е на завидно ниво. Актерот мора да биде задоволен со сѐ, сигурен финансиски за да може да влегува во разни ликови, психологии, да се нафати на предивици. Компензираме со љубовта, волјата, ентузијазмот.

Се надеваме дека интеклектуалниот момент ќе дојде до израз, без многу емоции. Емоциите се за на сцена, не меѓу актерите и колегите - вели Ангелина Тренчева.

**Нурула Тунџер,** сценограф, режисер,
своевремено уметнички директор на истамбулските театри, долги години на чело на турскиот меѓународен фестивал "Мост".

# ТЕАТАРОТ ВО МАКЕДОНИЈА Е МНОГУ ПОДИНАМИЧЕН, НА ПОВИСОКО НИВО

Театарот во Македонија е длабоко навлезен во социјалниот живот. Ова го кажувам зашто, за разлика од другите театри на Балканот, во македонскиот театар е поприсутна таа социјална компонента. Навлезен е во социјалниот живот. Тоа е многу значајно.

Речиси во секој град во Македонија има по еден фестивал. Тоа ме фасцинира.

Јас да сум овде, многу би вложил во театрите, зашто тоа е повеќе од значајно.

Посебно сум пријатно изненаден што овде во Македонија луѓето многу го сакаат театарот. И одат многу во театар. Со љубов и со задоволство следат претстави.

***Каков театар се негува во Турција?Колку е поразличен од овде?***

Овде во Македонија претставите се многу подинамични, попривлечни, посодржајни и во смисла на концептот се многу поцелосни. И играта на актерите е на многу повисоко ниво. Има многу актерство, многу добри студенти, одлични глумци. Ова го кажувам во контекст на моите впечатоци откако ја гледав полноќната претстава на студентите по актерска игра "Плеј Бекет". Забележав многу млади луѓе во публиката кои беа дојдени со задоволство и со љубов и со посебна енергија и желба да видат театар. Во Турција, тоа е невозможно да се случи младите да ги однесете на театар по полноќ. Ова за мене е многу важно. Затоа и треба да се вложува во театрите. Да се негуваа таа заинтересираност, особено на маладите. Овој потенцијал не треба да се испушти од раце.



Во Турција во големите градови, особено во Истанбул и во Анкара се негуваат два вида театри - едниот е државен, а другиот вид се приватните театри. Тие добиваат некоја помош од државата, меѓутоа во мала мера. Сами се финансираат. Затоа тие понекогаш прават и поатрактивни, претстави кои се поистражувачки , експериментални и ги следат модерните трендови и барања на сценското изразување.

Во Турција се атракција претставите по дела преведени на турски од Белге Емин (ќерка на Илхами Емин) и се поставени на сцена (Буре барут, Празен Град, Генералната проба на самоубиството, Професионалец, Хасанагиница). Последната моја режија на “Генералната проба на самоубиството” покажа дека е зрела за врвни награди. Претставата беше деновиве во официјалната конкуренција на Стериино позорје.

Душан Ковачевиќ искрено рече дека претставата “Генералната проба...” е најдобрата изведба на неговиот текст. Имам режирано и во Босна. 15 години се занимавам со следење на балканските театри. Работам и на сценографија во опера.

Соработував со Бајруш Мијаку и Рахим Бурхан во “Тартиф” на Молиер. Ова го

кажувам зашто сметам дека театарот во Македонија е една фаза, неколку чекори напред. Лани ја гледав претставата на Мартин Кочовски “Тапани воноќта”. Се разбира, не може да го прескокнам Турскиот театар. Оваа, претстава, “Госпоѓица Јулија”, имав чест да ја гледам и во Истанбул. Затоа слободно може да кажам дека овде претставите се на многу повисоко, поразлично ниво отколку претставите што се прикажуваат во Турција.

**Фасцинантно е дека во Македонија половина од населението следи театар.** Тоа од два милиона, значи дека еден милион жители следат театар. Во Турција театарот го следат 400 000 до 650 000. Ако е како примерот во Македонија, тогаш би требало од 20 милиони, 10 милиони да следат театар во Турција. Таму тоа е невозможно.

Среќен сум што сум овде зашто театарот најдинамично го доживувам во Македонија.

Лани бев член на жирито на фестивалот “Ристо Шишков”. И таму видов многу квалитетни претстави

• • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • • •

ГОСТИН НА ФЕСТИВАЛОТ

**Бобан Глигоријевиќ,** Ниш (еден од основачите на Југословенскиот фестивал во Ужице - еден од трите најважни фестивали во Србија)

Го забележавме на Фестивалот вториот ден кога ја гледаше прилепската претстава.

- Штотуку стигнав од "Стериино позорје". Дојдов да видам неколку претстави на Фестивалот. За претставата "Кавкаски круг со креда" која ја гледав може само да речам - фасцинантно. Мислам дека е доволно.

- Се уште ми се свежи впечатоците, сето тоа треба да "слегне". Сум гледал преку 500 претстави , сепак "Кавкаскиот…." Ме фасцинираше. Навистина посебно.

- Сакам да видам што повеќе претстави на фестивалот. Имам прекрасни впечатоци за атмосферата што ја создале самите театри.

**Владлен Александров,** режисер од Бугарија

# МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАР ИМА НАГОРЕН ОД

“Одамна го следам театарот во Македонија. Радува тоа што има што да се види на македонската сцена. Има добри претстави. Театарот оди напред. Не само што има добри претстави, туку и режисери, актери. Македонскиот театар се развива многунасочно, стана модерен. Има европски стандарди. Три претстави досега режирав во Макеоднија. Три во штипскиот театар, две во струмичкиот, една во Драмскиот. Од септември треба да работам нова претстава, повторно во Драмскиот театар. Чест ми е што мојата претстава учествуваше на Фестивалот ,, Војдан Чернодринскии. Тоје најдобриот фестивал во Македонија - вели Владлен Александров, режисер од Пазарџик, Бугарија.

Тој веќе 12 години е директор на Драмскиот куклен театар во Пазарџик. Потписник е на бројни режии. Наскоро во националниот театар „Иван Вазов„ ќе го поставува францускиот текст „Игра„.



60 години Турски театар - Скопје
**Атила Клинче,** директор

# ПЛОДНА ГОДИНА ЗА ГОЛЕМ ЈУБИЛЕЈ

Турскиот театар слави 60 години. И многу сме задоволни што токму годинава соработуваме со повеќе познати режисери: Александар Поповски, Слободан Унковски, Владимир Милчин, Владо Цветановски. Во моментов почна Унковски да работи, наесен имаме две премиери. Очекуваме соработка со Турција, со Анкарските државни театри. Ќе ни гостуваат. Ние, пак во јули имаме гостување во Хрватска, а наесен во Англија. Претходно двапати гостувавме во Турција. Оваа година ни е многу плодна.

Ние 45 години придонесуваме за овој Фестивал. Мислам дека турскиот театар има квалитетни претстави и докажува дека е еден од водечките театри во земјава. Чест ми е што сум дел од ансамблот.

Искрени честитки од сите нас за јубилејот. Да се множат успесите!




# А Т М О С Ф Е Р А . . .



По повод 60 годишнината на Турскиот театар првиот човек на оваа реномирана институција Атила Клинче на уметничкиот директор Петар Темелковски и на Фестивалот им подари плакета и монографија. Тоа ќе биде потсетник за едни минати времиња, и можност читателите да се запознаат со претставите на Турскиот театар низ 60 годишното опстојување.



# ЌЕ ГЛЕДАТЕ

<u>СРЕДА, 09.06.2010</u>

19.30 часот - Сцена 105 - ЦК"Марко Цепенков"

**"СО ВКУС НА ОВОШЕН СЛАДОЛЕД"**, од Кацаров,

режија: Владлен Александров

Драмски куклен театар Пазарџик, Р. Бугарија

22.00 часот - Сцена - Сала на ЦК"Марко Цепенков"

**"БРАЌА КАРАМАЗОВИ"** од Достоевски,

режија: Дејан Пројковски

Битолски театар

24.00 часот - Сцена НТ"Војдан Чернодрински"

**"www. Норвешка. denes. com"**,

режија: Зоја Буалковска

Албански театар

<u>ЧЕТВРТОК, 10.06.2010</u>

20.00 часот - Сцена плоштад Александрија

(ако врне алтернативна сцена е ЦК"Марко Цепенков")

Претстава по покана за свеченото затворање на Фестивалот

**"КРПЕН ЖИВОТ"** од Стале Попов

режија: Владо Цветановски

Прилепски театар



45. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - НТ Ј.Х.К. Џинот - Велес
Брано Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Бесфорт Идризи - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски тетар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлевски - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Љубомир Чадиковски - Театар за деца и млади - Скопје
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Петар Мирчевски - Член
Роберт Павлевски - Член
Бесфорт Идризи - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Слободан Деспотовски
Братислав Димитров
Мустафа Јашар

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

•••••••••••••••••••••••••••••••••••

Билтен на 45. МТФ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: "ТИРЕКС" - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП**
Центар за култура "Марко Цепенков"
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@t-home.mk
www.mtf.com.mk